КОМФИ - АНГЕЛ ДОО
Бр. 03-1401/1
19.04.2022 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 231 од Законот за трговските друштва, член 22 од Договорот за основање на друштвото „Комфи-Ангел“, Прилеп ДОО (во понатамошниот текст Друштвото), а во врска со член 41 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр. 42/2020), Управителите на Друштвото на ден 19.04.2022 година ја донесоа следната:

# ОДЛУКА
## за определување на офицер за заштита на лични податоци

1. Се определува овластено лице за заштита на личните податоци на Друштвото (Офицер за заштита на личните податоци).
2. За офицер за заштита на личните податоци се определува лицето **Јовановски Александар**, вработен во Друштвото, распореден на работно место „Правник“.
3. Офицерот за заштита на личните податоци е должен да ги врши работите предвидени во член 43 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр. 42/2020)
4. Контакт податоците на Офицерот за заштита на личните податоци ќе се објават на официјалната интернет страница на Друштвото и за неговото именување ќе се извести Агенцијата за заштита на личните податоци.
5. Со донесувањето на оваа Одлука, се става вон сила Одлуката за назначување на офицер за заштита на лични податоци бр.02-1084/2 од 15.12.2014 година, донесена врз основа на Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018).
6. Оваа Одлука стапува на сила и ќе се применува со денот на нејзиното донесување.

**„Комфи-Ангел“, Прилеп ДОО**

Управители:
**Јакимовска Ирена**

**Роберт Андру Брус**